# ПОВИК ЗА ПРОМОЦИЈА НА ПОЛИСИ БРИФ ЗА УРБАНОТО ЖИВЕЕЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ЖИВОТОТ

**Основни информации:**

Здружението на граѓани „Ромаверзитас" - Скопје во рамките на проектот „За поздрав и поурбан живот на Ромите", финансиран од „Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест", објавува повик за Промоција на Полиси бриф за урбаното живеење и подобрување на животот.

**Опис на активноста:**

Со оваа активност треба да се подобрат условите за живот и егзистенцијалните прашања на едни од најмаргинализираните лица во нашето општество. Целта на оваа активност е обнова на општеството и застапување пред институциите за да се потикне и осигура развој на политики и програми кои што ќе ги подобрат условите за живот (струја, вода и комунална инфраструктура) и ќе креираат алтернативни начини за живеење. Со оваа активност за прв пат ќе се работи и ќе се придонесе во поттикнување на свеста кај маргинализираните лица кои се најпогодени од климатските промени и кај носителите на одлуки. Исто така ќе се поттикнат проактивно да се вклучат и да придонесуваат со својата економска активност во урбаниот развој, рециклажата и здравиот начин на егизистенција.

За оваа активност потребен е ПР Експерт:

Обем на работата:

- Организирање на настан за промоција на полиси брифот
- Изработување на аудио и видео содржина за промоција на полиси брифот
- Изработување на соопштение за јавност за промоција на полиси брифот и негова дистрибуција до медиуми
- Обезбедување на фотографии од настанот за промоција на полиси брифот и нивна дистрибуција до медиуми

Потребни квалификации:

- Соодветно високо образование (предност постдипломски студии)
- Работно искуство од најмалку 5 години во промоции и одржување на настани
- Предност да има искуство со работа на маргинализирани групи (предност со Ромската заедница)
- Да имаат способности за планирање и организација

Издавањето на овој Полиси бриф е финансирана преку проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени, спроведуван од Еко-свест во партнерство со Македонското здружение на млади правници-МЗМП и Организацијата за промовирање на природните вредности и луѓе-CVNP. Изразените ставови и мислења се на авторот/авторите и издавачот и нужно не ги одразуваат позициите и ставовите на Еко-свест и на донаторот - Владата на Шведска.

**Потребни документи и начин за пријавување:**

- Кратка биографија

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да ги достават документите најдоцна до 09.10.2023 часот на меил smileskikristijan.rv@gmail.com, со назнака: Апликација за ПР Експрет за Промоција на Полиси бриф.

Sweden Sverige

Издавањето на овој Полиси бриф е финансирана преку проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени, спроведуван од Еко-свест во партнерство со Македонското здружение на млади правници-МЗМП и Организацијата за промовирање на природните вредности и луѓе-CVNP. Изразените ставови и мислења се на авторот/авторите и издавачот и нужно не ги одразуваат позициите и ставовите на Еко-свест и на донаторот - Владата на Шведска.